Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија
Agjencia për Promovimin dhe Përkrahjen e Turizmit në Republikën e Maqedonisë së Veriut
Бр./Nr. 08-721/1
01.10. 2019 год./viti
Скопје / Shkup

# Влада на Република Северна Македонија

## - АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ -

**Предмет: Пријава за** Интернационалниот Саем за туризам **Vakantiebeurs, Утрехт, Холандија**

Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на РС Македонија традиционално ќе учествува на интернационалниот саем за туризам „Vakantiebeurs" што се одржува во период од 16 до 19 јануари 2020 година во Утрехт, Холандија.

Холандскиот пазар кој е еден од првите и најлојални туристички пазари на РС Македонија продолжува да расте. Лојалноста во туризмот која најтешко се постигнува, РС Македонија на овој пазар и официјално ја постигна со тоа што успеа да врати по втор или трет пат холандски туристи кои имаат желба да посетат и други делови од земјава, освен најголемите туристички центри.

Саемот во 2019та година беше посетен од над 117.000 посетители и над 1.200 изложувачи од 65 земји од светот.

„Vakantiebeurs" претставува водечки саем за туризам во Холандија преку кој постои можност за вмрежување помеѓу македонскиот и холандскиот приватен сектор. Ова индиректно придонесува за контунуиран раст на бројот на холандски туристи во РС Македонија. Согласно статистичките податоци во седум месеци од 2019 година во споредба со истиот период лани растот е континуиран и изнесува 13% во бројот на туристи и 16% во бројот на ноќевања.

Според Интерниот правилник на АППТ за начинот и постапката за учество на интернационални саемски манифестации за туризам, право за учество имаат:

- Хотели
- Туристички агенции со лиценца А
- Ресторани
- Општини
- Национални паркови
- Здруженија, асоцијации и комори за туризам
- Винарии
- Компании/институции на покана на АППТ

- **Котизација за саемот изнесува 30.000 денари.**

**Напомена 1**: Учеството на саемските манифестации треба да го потврдите во писмена форма со:

- пополнување на Формуларот кој ви е доставен во прилог на истиот е маил;
-доставување на лиценца А ( за туристички Агенции);
-Тековна состојба од централен регистар на РСМ;

Бројот на пултовите е ограничен, па согласно тоа ќе се практикува принципот - прв пријавен, прв услужен!

**Напомена 2:** Агенцијата за промоција и пооддршка на туризам на Република Северна Македонија е во процес на планирање на Програмата за 2020 година и сеуште не е официјално потврдена истата од страна на Владата на Република Северна Македонија. Ви напоменуваме дека можни се измени во однос на горенаведените саемски претставувања.

Со почит,

**ДИРЕКТОР**
**Љупчо Јаневски**

Подготвил: Маја Глигоровска
Контролирал: Никола Ѓошев


Агенција за промоција и поддршка на туризмот
Република Северна Македонија
Ул. ГТЦ, кат2, локал 11, 1000, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3223 101
info@tourismmacedonia.gov.mk
www.tourismmacedonia.gov.mk